**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број:04-1159/13
Датум: 07-12-2020 г.
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), член 325 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), член 59 став 1 точка 9 од Статутот на Филозофскиот факултет (Универзитетски гласник бр.463/2019), Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет на **XXXVII** редовна седница одржана на **2.XII 2020 год.**, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа рефератот на рецензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1225 од 1.XI 2020 година за избор на **д-р Ана Фрицханд** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Развојна психологија (51004), Психологија на образование и воспитување (51005), Друго (Психологија на мирот и конфликтите) (51019).
2. Се избира д-р **Ана Фрицханд** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Развојна психологија (51004), Психологија на образование и воспитување (51005), Друго (Психологија на мирот и конфликтите) (51019).

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од денот на донесување на одлука за потврдување на избор во звањето редовен професор од Универзитетскиот сенат.

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

3. д-р Ана Фрицханд се избира во наставно-научно звање **редовен професор, доживотно.**
4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Вечер" и „Коха" од 31.VIII 2020 година, се пријави: д-р Ана Фрицханд.

Во изготвениот Реферат од страна на рецензионата комисија со бр. 04-1159/1 од 15.X 2020 год., беше предложен кандидатот д-р Ана Фрицханд за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 2.XII 2020 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот, досието, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Декан,**
на Филозофскиот факултет

проф. д-р Ратко Дуев

изработил: Ана Ј. Иванова